# СУДИР НА ИНТЕРЕСИ




# ВОДИЧ

Марија Саздевски Вангеловски

Центар за регионални истражувања и соработка

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ..... 3

ШТО Е СУДИР НА ИНТЕРЕСИ? ..... 4

ДАЛИ СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ Е СЕКОГАШ ОЧИГЛЕДЕН? ..... 5

КОИ ФОРМИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ МОЖЕ ДА СЕ СРЕТНАТ? ..... 6

НЕПОТИЗАМ ..... 6

КРОНИЗАМ ..... 6

ЗОШТО Е ВАЖНО ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА? ..... 7

ШТО ТРЕБА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ДА НАПРАВИ ВО СИТУАЦИЈА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ? ..... 8

ШТО МОЖЕШ ТИ КАКО ГРАЃАНИН ДА НАПРАВИШ ДОКОЛКУ ИМАШ СОМНЕЖ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ КАЈ ОДРЕДЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ? 8

КАДЕ И КАКО МОЖЕШ ДА ПРИЈАВИШ? ..... 9

ПРВ ЧЕКОР ..... 9

ВТОР ЧЕКОР ..... 9

ШТО ТРЕБА ИНСТИТУЦИИТЕ ДА НАПРАВАТ ДОКОЛКУ ИМА СОМНЕЖ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ КАЈ ОДРЕДЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ИЛИ ФУНКЦИОНЕР? ..... 10

ШТО АКО СЕ ПОТВРДИ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ? ..... 11

КАКО ТОА ИЗГЛЕДА ВО СЕКОЈДНЕВИЕТО? ..... 12

# ПРЕДГОВОР

Овој водич е изготвен да им послужи на граѓаните да ја разберат својата улога во ситуации на судир на интереси и неговите појавни облици, како и начините на справување со нив. Унапредувањето на културата на одговорно, отчетно и транспарентно општество е клучно за успехот на заложбите за градење правна држава која спречува и се справува со секое незаконско постапување.

Граѓанинот со интегритет е основа на секоја демократска држава во која владее правото. Имено, граѓанинот како единка, но и како клучен корисник на услугите на јавната администрација, има посебна и исклучително значајна улога во превентивниот пристап во борбата против корупцијата и успешното справување со можните ситуации на судир на интереси.

Неретко, граѓаните се сретнуваат со ситуации кога се користат партиски, пријателски и роднински врски за завршување на работа или остварување на право. Тоа може да резултира со оневозможување на остварување на одредено право во согласност со законите доколку граѓанинот тргнал истото да го оствари по правилниот пат. Лицата кои одбиваат да влезат во судир на интереси, неретко се предмет на непријателско однесување или притисок, се дискриминирании перципирани како нелојални кон колегите или раководните структури, или пак, во радикални случаи живеат во страв од отпуштање од работа.

Справувањето со корупцијата преку намалување на судирот на интереси и живеење и работење со интегритет бара истрајност и решителност на сите субјекти во општеството. Спротивставувањето на граѓанинот на однесување со кое се овозможува остварување на лични цели на службените лица, дава непроценлив придонес кон создавање на општество со интегритет, и општество во кое постои голема доверба во институциите на системот.

Токму затоа, овие поединци заслужуваат најголема почит.

Ситуациите што предизвикуваат судир на интереси, се многу различни, во ретки случаи - идентични (повторливи), а постојат навистина компликувани, случаи, тешки за идентификување и за кои е потребно вклучување на квалификувани и компетентни лица кои ќе може да го утврдат и потврдат постоењето на судир на интереси.

Водичот е изготвен за граѓаните со цел да им помогне да ги препознаат можностите и начините за појава на судир на интереси, да ги препознаат негативните ефекти од него и како тоа влијае, не само на нив, туку и на општеството во целина. Истовремено има за цел, со зголемување на знаењето за негативните ефекти од ситуациите на судир на интереси, да го поттикне отпорот и подготвеноста за справување со истиот.

Водичот е наменет за пошироката јавност и граѓаните, а особено за оние кои се секојдневно или честопати упатени на контакти со вработени во јавниот сектор.

## ШТО Е СУДИР НА ИНТЕРЕСИ?

**Судир на интереси** е ситуација во која службено лице има **приватен (личен) интерес** што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности, со што тој може да донесе **одлука** која не е во **јавен интерес**.

### Што е јавен, а што приватен интерес?

**ЈАВЕН ИНТЕРЕС** – интерес за општо добро и напредок за сите граѓани, што значи заштита на основните слободи и права на секој граѓанин утврдени со Уставот

**ПРИВАТЕН ИНТЕРЕС** – личен интерес на службеното лице што може да преовладее при извршувањето на неговите овластувања или службената должност

***Личниот интерес може да биде:***
***Материјален:*** *пари, профит, избегнување или намалување загуби и други материјални добра од секаков вид*
***Нематеријални:*** *погодности, корист, услуга, привилегија, предност*

### ФОРМУЛИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Одлука + приватен интерес
= судир на интереси

Одлука + јавен интерес
≠ судир на интереси

Доколку на одлука, која треба да ја донесеш ти како службено лице или некое службено лице треба ја донесе за тебе како граѓанин, се додаде приватниот интерес којшто влијае на одлучувањето, без разлика дали исходот ќе биде позитивен или негативен, тоа преставува **судир на интереси.**

## ДАЛИ СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ Е СЕКОГАШ ОЧИГЛЕДЕН?

**Вистински судир на интереси** – ситуација кога постои директен судир помеѓу службените должности и приватниот интерес во конкретниот случај на одлучувањето.

***Пример:*** *Кога граѓанинот поднесува жалба на одлука на некоја институција до друга институција (на пр. комисија за одлучување во втор степен), а во која неговиот сопружник е носител на одлуки по тие жалби. Сопружникот кој е дел од комисијата за одлучување ќе има вистински судир на интереси.*

**Потенцијален судир на интереси** – ситуација кога може, но не мора да дојде до судир на приватните со службените интереси, во иднина. Потенцијалниот или перципиран судир на интереси може да биде штетен за угледот на институцијата и да ја еродира довербата на јавноста, исто како вистинскиот судир на интереси , без оглед оглед што крајните одлуки се правилни.

***Пример:*** *Градоначалник има брат кој е сопственик на трговско друштво која продава компјутери. Иако нема тендери за ИТ опрема, можно е да има во иднина и трговското друштво на братот на градоначалникот можеби ќе сака да учествува во јавната набавка. Градоначалникот има потенцијален судир на интереси.*

**Привиден судир на интереси** – ситуација каде постои или наликува дека постои приватен интерес кој може да се протолкува дека влијае при службено постапување и носење одлуки, иако реалната состојба не мора да е таква.

***Пример:*** *Кога вработениот во Државниот завод за ревизија прави ревизија на институцијата во која работи неговиот прв братучед, којшто не е на раководна функција.*

# КОИ ФОРМИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ МОЖЕ ДА СЕ СРЕТНАТ?

## НЕПОТИЗАМ

Ситуација кога службено лице при одлучување дава предност на одреден поединец или група со кои е во семејна врска.

Зборот доаѓа од латинскиот збор n**epōs - внук, роднина** и значи грижа и покровителство за членови на семејството, роднини, животни партнери и други поврзани лица преку позиција, име и моќ.

Непотизмот може да предизвика послабиот понудувач, којшто е роднина на службено лице кое одлучува, да има можност да воспостави деловни односи со државата, а на штета на даночните обврзници.

Најчест пример за непотизам се постапките за вработување во јавниот сектор, кога нема да биде вработен најдобриот кандидат, туку кандидат којшто е во семејна врска со некое службено лице од таа институција. Со неизбор на најдобриот кандидат губи и засегнатиот поединец којшто неправедно не го добил работното место, но и општеството како целина. Непотизмот може да се случи и во постапки за јавни набавки, склучување директни договори, издавање дозволи и слично.

## КРОНИЗАМ

Ситуација кога службено лице дава предност на одреден поединец или група, врз основа на воспоставени партиско-политички односи или пријателски врски, без оглед на реалните способности на истите.

Со вакви ситуации многу често се сретнуваме во постизборни периоди, кога политичката опција која ја освојува власта вработува голем број свои партиски кадри во институциите од јавниот сектор.

Додека непотизмот може да се утврди со наведување на видот и степенот на сродство на роднина по крв или странично, тешко е да се даде ефективна правна дефиниција на кронизмот.

**Забраната за непотизам, кронизам и клиентелизам не подразбира целосно исклучување на роднини, членови на политички партии или пријатели.**

**Забраната подразбира забрана за злоупотреба на службената должност од страна на државните службеници заради обезбедување на привилегирана положба за членови на семејството, политички партии или пријатели.**

**Целта не е да се спречат членовите на семејството или пријателите да работат заедно.**

**Целта е да се спречи можноста јавниот службеник да биде пристрасен во примената на дискреционите овластувања.**

## ЗОШТО Е ВАЖНО ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА?

Судирот на интереси отвора простор за злоупотреба на позицијата и моќта, што, пак, може да води кон општа злоупотреба на довербата, односно губење на довербата во системот.

Доколку судирот на интереси не се идентификува навреме службено лице има можност да се стекнува со корист и со тоа да стори коруптивно дело. Затоа е неопходно елиминирање и на најмал сомнеж, дури и ако се работи само за потенцијален судир на интереси.

**Судирот на интереси не секогаш претставува корупција, меѓутоа во секое коруптивно дејствие има судир на интереси!!!**

Потребно е институциите да воспостават сет стандарди со кои ќе се осигура службените лица да ги претставуваат интересите на граѓаните, а не сопствените и интересите на нивните блиски и дека тие ја извршуваат својата должност на чесен, фер и непристрасен начин.

**Функционерите и јавните службеници, односно сите вработени во јавниот сектор имаат улога и задача да му служат на јавниот интерес односно интересот на граѓаните.**

Службените лица имаат повеќекратна одговорност, како кон граѓаните, кои очекуваат да бидат остварени нивните права и интереси, така и кон работодавачот, во случајов, државата, која очекува службените лица да ги извршуваат своите должности одговорно и успешно.

Покрај фактот дека судирот на интереси многу често може да предизвика материјална штета, тој предизвикува и последици што не може да се измерат, а се долгорочни и тешко обновливи, како што се губењето доверба во службените лица и институциите и пошироко губење на довербата во целокупниот систем на државата.

Поради зголемените очекувања на јавноста во врска со одговорноста на службените лица и барањето државата да ги спречи службениците да ја користат својата позиција за да ги задоволат своите лични интереси, многу држави донесоа закони и кодекси со кои се уредува однесувањето и извршувањето на должностите на јавните службеници во случај на судир на интереси.

**Непријателството, исто како и пријателството, може да доведе до судир на интереси, доколку службеното лице дозволи да му влијае при постапувањето и одлучувањето**

***Во Република Северна Македонија*** судирот на интереси е регулиран во ***Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси***

# ШТО ТРЕБА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ДА НАПРАВИ ВО СИТУАЦИЈА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ?

- Пред сè, треба да побара потенцијалниот судир на интереси службено/писмено да се забележи и за тоа да го извести својот претпоставен.
- Потоа, може да побара дополнителни насоки од својот претпоставен или од советникот за интегритет и етика, доколку таков постои.
- Доколку има сомневање за некоја ситуација дека претставува судир на интереси, а не знае како да постапи, задолжително треба да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.
- **Задолжително да се изземе од одлучувањето и постапувањето.**

***Секое службено лице задолжително мора да се изземе од одлучувањето и постапувањето кога постои судир на интереси.***

# ШТО МОЖЕШ ТИ КАКО ГРАЃАНИН ДА НАПРАВИШ ДОКОЛКУ ИМАШ СОМНЕЖ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ КАЈ ОДРЕДЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ?

- **Доколку не си службено лице, а се сомневаш дека постои потенцијален судир на интереси, можеш и самиот да побараш изземање на службеното лице од натамошно постапување по твојот предмет.**
- **И секако, можеш службеното лице да го пријавиш на неговиот претпоставен или во Државната комисија за спречување на корупцијата.**

**Дали и ти можеш да пријавиш судир на интереси?**

**ДА!**

***Во ситуации кога, посредно или непосредно си сведок или трпиш последици од постапување на службено лице од позиција на судир на интереси, ТИ како граѓанин треба да реагираш и тоа да го пријавиш..***

# КАДЕ И КАКО МОЖЕШ ДА ПРИЈАВИШ?

## ПРВ ЧЕКОР

Првенствено, те охрабруваме да ги искористиш механизмите за пријавување во институцијата каде си увидел/а дека постои или има потенцијал да се случи судир на интереси. Секоја институција задолжително мора да има објавено име и презиме и контакт на лицето за прием на пријави од укажувачи.

## ВТОР ЧЕКОР

**Државната комисија за спречување на корупцијата е законски надлежна институција за постапување по пријави и случаи на судир на интереси**

Доколку,

- имаш недоверба во самата институција, односно се сомневаш дека укажувањето во институција во која си забележал/а судир на интереси ќе предизвика штетни последици по тебе или по твое блиско лице или дека нема да се преземат мерки;
- си забележал/а постоење на судир на интереси кај раководното лице на институцијата;
- по пријавувањето, не си добил/а повратна информација за преземени мерки во законски предвидениот рок од 15 дена;
- не е постапено по твојата пријава; или
- не си задоволен/а од постапувањето

можеш да преземеш втор чекор, а тоа е да пријавиш во Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Битно е да знаеш дека ДКСК постапува по сите пријави, ги разгледува и понатаму процесира во зависност од случајот.

***Пријавувањето можеш да го направиш во писмена форма:***

- ***со доставување на твоите податоци*** *(име и презиме и контакт) со што ДКСК би можела да побара дополнителни информации за случајот, или*
- ***анонимно****, доколку сметаш дека со доставување на личните податоци би можел/а да бидеш на било кој начин загрозен/а*

# ШТО ТРЕБА ИНСТИТУЦИИТЕ ДА НАПРАВАТ ДОКОЛКУ ИМА СОМНЕЖ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ КАЈ ОДРЕДЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ИЛИ ФУНКЦИОНЕР?

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) може да поведе постапка за да утврди дали кај некое службено лице или функционер постои судир на интереси.

ДКСК тоа може да го направи:

- по службена должност;
- по барање на службено лице;
- по пријава на друго лице – граѓанин или друг вработен во институција;
- по барање на раководното лице во органот, односно институцијата каде службеното лице врши функции, јавни овластувања или службени должности; и
- по анонимна пријава.

ДКСК потоа прибира документи, податоци и информации од физички и правни лица, како и од службеното лице за кое постои сомнеж дека има судир на интереси. Секој од кого се побарани податоци е должен да ги достави до ДКСК во рок од 15 дена.

ДКСК задолжително мора да донесе одлука за постоење или непостоење на судир на интереси во рок од 30 дена.

**Во текот на целата постапка ДКСК обезбедува заштита на идентитетот на лицето кое пријавило постоење на судир на интереси**

## ШТО АКО СЕ ПОТВРДИ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ?

ДКСК го известува службеното лице и му наложува во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

- Доколку службеното лице постапи по барањето на ДКСК, односно го отстрани судирот на интереси, постапката се прекинува и за тоа се известува службеното лице и подносителот на пријавата, доколку не е анонимен.
- Доколку службеното лице не постапи по барањето на ДКСК и не го отстрани судирот на интереси, ДКСК задолжително ја известува институција во која работи службеното лице.

**Глоба во износ од 500 евра може да му се изрече на службеното лице доколку не постапи по било кое од барања на ДКСК**

За именувано или назначено лице - како на пример министри, директори на јавни претпријатија, директори на клиники и слично, ДКСК може да иницира **разрешување/престанок на функција.**

За лица избрани на непосредни избори - претседател на државата, пратеник, градоначалник и член на Совет на општината, ДКСК изрекува мерка **јавна опомена.** Опомената се објавува на веб страницата на ДКСК и во средствата за јавно информирање.

За сите останати службени лица кои не се во категорија на избрано или именувано лице – како на пример, раководител на одреден сектор во некоја институција, ДКСК може да побара да се поведе **дисциплинска постапка.**

Институцијата до која е доставена иницијативата за покренување дисциплинска постапка или разрешување, мора да донесе одлука во рок од 60 дена од денот на доставување на иницијативата.

# КАКО ТОА ИЗГЛЕДА ВО СЕКОЈДНЕВИЕТО?

## Примери на судир на интереси

- Директор на училиште вработува свој близок со потпишување на Одлука на избор на кандидат и Договор за вработување, иако постојат кандидати кои имаат подобри резултати во исполнување на условите зададени во огласот за вработување.
- Во постапка за јавна набавка се јавува одредено трговско друштво блиско до некое лице коешто е дел од комисијата за јавни набавки на институцијата или е близок на лицето коешто ја раководи институцијата.
- Службено лице донесува одлука за давање приоритет на извршување на работни задачи по ургенција од политичка партија, со цел обезбедување предност за во иднина.
- Доколку лице извршувајќи ги своите работни задачи, е вклучено во решавање на проблем поврзан со имотно-правни односи на сопруг/а, се наоѓа во судир на интереси и покрај тоа што не е задолжен да изготви или потпише било каков документ.
- Судија одлучува во предмет во кој една од странките е негов/нејзин близок пријател или роднина.
- Службено лице односно јавен службеник или функционер ги исполнува семејните интереси при вработување на сопруг/а, дете или друг близок роднина.
- Службено лице, односно јавен службеник или функционер одлучува во процедура за јавна набавка на стоки или услуги од роднина или трговско друштво управувана од роднина.